

# УЛОГАТА НА ЖИВОТНИТЕ ВО СОЦИЈАЛИЗАЦИЈАТА НА ЛИЦАТА СО ХЕНДИКЕП

Ментор
Проф.д-р Методија Трајчев

Бранкица Василева
Земјоделски факултет,
Универзитет “Гоце Делчев”-Штип

fppt.com



✓ **ИДЕЈА?**



✓**МАТЕРИЈАЛИ**



***ГОЛЕМ ПРОБЛЕМ!***



***Недостаток на информации***

- Пребарување на интернет на англиски, српски и хрватски јазик.
- Посета на Центарот за социјални грижи во Св.Николе
- Посета на Центарот за работа со хендикепирани лица во Св. Николе.





# АБСТРАКТ



- За нас е релативно нов и ефикасен пристап во рехабилитацијата, односно социјализацијата на лицата со хендикеп кој веќе неколку години station наназад е инплементиран и успешно се применува во високоразвиените земји.

- Овој нов метод  ветува многу голем успех во општеството, во растот, развојот, едукацијата и социјализацијата на оваа посебна група на луѓе, а тоа е ***инклузијата и улогата на животните во животот на лицата со посебни потреби.***

- Животните им помагаат на овие луѓе во секој сегмент од нивниот живот на тој начин што несебично им ја поклонуваат својата љубов и внимание, им помагаат во извршувањето на секојдневните  обврски и потреби се со цел да можат и овие луѓе полесно да се вклучат, да функционираат колку што е можно понормално и да живеат среќно во општеството. Денес, постои тенденција да се направи што е можно повеќе на планот на заштитата и рехабилитацијата на овие лица.

fppt.com

- Иако оваа тенденција со која се настојува да се подобри квалитетот на живеење на лицата со инвалидност во секој сегмент од општественото живеење, е императив на сите современи земји во светот, па и на современото македонско општество, за жал кај нас во Македонија сеуште не се применува овој метод и нема донесено регулатива/правилник за учество и помош на животните во секојдневието на лицата со хендикеп.







- Меѓутоа следејќи ги искуствата во светот за третманот на овие лица, и кај нас веќе почна да се размислува за промени во нивната едукација, социјална заштита, рехабилитација...

fppt.com


fppt.com

# АНИМОТЕРАПИЈА
# (AAT-Animal Assisted Therapy)

Денес, врз основа на поголем број извештаи, студии, статистички истражувања,  како и резултати добиени врз основа на истражувачките проекти и според Светската здравствена организација се цени дека од општата популација има околу 10% лица со пречки во физичкиот и психичкиот развој и со растројства во однесувањето, кои имаат потреба за рехабилитациони мерки.

Освен стандардните методи и активности кои се применуваат во процесот на социјализација, во последните неколку години во високоразвиените земји акцентот се става на ***анимотерапијата***, односно на учеството на животните во растот и развојот на лицата со хендикеп во секој сегмент од нивниот живот. При анимотерапијата за оваа група на луѓе најчесто се користат коњите, кучињата, делфините, поретко мачките итн.







fppt.com

# ЈАВАЊЕТО КОЊИ КАКО ТЕРАПИСКА МЕТОДА

Нема точен датум ниту место кое би било забележано како почеток на помагањето на лицата со посебни потреби со помош на коњите - човекот почнал да јава коњи отприлика пред 6000 години.

При крајот на 50-ите и почетокот на 60-ите години на претходниот век организираното тераписко јавање паралелно почнало да се развива и во Англија, Германија и во Скандинавските земји. Во средината на 70-ите неколку европски земји организирале прв меѓународен конгрес за терапиското јавање, а во 1980 година во Брисел е основана меѓународна организација Federation Riding for the Disabled International, односно Меѓународен сојуз за јавање коњи за лица со инвалидитет.



FRDI денеска брои 51 земја членка. Во Хрватска, придружен член на оваа организација  е здружението ,,Крила“, и Хрватскиот сојуз за тераписко јавање, основан во 2001 година.




# *Што е тераписко јавање?*

**Тераписко јавање, односно јавање за лица со инвалидитет означува група на активности за кои заедничко е вклучувањето на лицата со инвалидитет и коњите, а целите можат да бидат од подобрување на квалитетот на нивниот живот во поширока смисла, до специфични тераписки цели.**

Поимот тераписко јавање во себе вклучува и хипотерапија, рекреативно и спортско јавање, специјално педагошко јавање и волтажирање, возење, психотерапија со помош на коњите  кои имаат различни цели, стручњаци кои ги спроведуваат тие методологии.

Во поново време се спомнува и поимот терапија помогната од коњите -  **Equine Assisted Therapy**, која вклучува потесен дел од активностите кои ги спроведуваат првенствено стручни лица од областа на хуманистичката и медицинската струка усмерени првенствено спрема тераписките цели.





Типови на тераписко јавање се :

***1.Хипотерапија***

***2.Специјално педагошко волтажирање и јавање***

***3.Рекреациско и спортско јавање за лица со инвалидитет (тераписко јавање во потесна смисла)***

За сите нив заедничко е тоа што го практикуваат луѓе со  најразличен инвалидитет како на пр: церебрална парализа, мултипла склероза, последици од трауматски оштетувања на мозокот, ревматоден артритис, мускулна дистрофија, ампутации, оштетувања на кичмениот столб, потоа оштетување на видот и слухот, Даунов синдром, аутизам, ментална ретардација, пореметување на вниманието и хиперактивноста, проблеми во однесувањето, посттрауматски стресен синдром итн.

**<u>Целите</u>** на терапиското јавање за сите овие типови се: работа во група, одговорност за другиот, развивање концентрација, нудење и прифаќање помош, учење на пожелното социјално однесување, зголемување на самодовербата и комуникацијата со другите, свест за сопственото тело и неговата положба во просторот, а исто така и физичките ефекти од јавањето – подобра издржливост, ставот на телото и рамнотежа.



# КУЧИЊАТА КАКО ВОДИЧИ ЗА СЛЕПИТЕ ЛУЃЕ

Кучињата отсекогаш се сметале како најдобари пријатели на човекот. Тие се познати по тоа дека можат да ги предупредат луѓето на претстојните природни непогоди и да спасат многу човечки животи. Тие се користат на фармите од памтивек за да ги задржат волците подалеку и да ги одржуваат овците безбедно. Тие исто така играат улога на водич за слепите лица за да им помогнат да водат самостоен живот, без потребата на друг човек и да можат да си ги извршуваат нивните секојдневни задачи.





Кучињата водичи се обучени кучиња, кои служат како очите на слепите луѓе и се обезбедени бесплатно од страна на разни организации од целиот свет. Овие кучиња се резултат на еден посветен напор на колективните аспирации на една организација, нивниот персонал, волонтери, донаторите и луѓе со оштетен вид кои својата доверба  им ја доверуваат на кучињата.






Односот што се развива помеѓу лицето со оштетен вид  и кучето водич е прилично комплексен и ќе биде искрен од ден на ден се повеќе и се додека тие двајцата се зависни еден од друг во нивното постоење. Кучињата помогаат во индивидуалните движења на поединецот во куќата и на патот предупредувајќи го за било какви опасности ако некој странец му приоѓа во куќата или го алармираат за сообраќајот на патот, додека го преминува патот. Тие треба да се дресирани да ги препознаваат сообраќајните сигнали и движењата на телото преку кои можат да го алармираат поединецот. Тие, исто така треба да се дресираат на одредени команди и одредени зборови на кои тие мораат веднаш да одговорат. Кучето пак е зависно од поединецот за храна и други секојдневни потреби.

За кучиња водичи обично се бираат **лабрадори и германски овчари** бидејќи тие спаѓаат во здрави раси – не се разболуваат често, издржливи се, ментално се стабилни, интелигентни се и имаат добра комуникација со човекот и не се плашливи.










# ДРУЖЕЊЕТО СО ДЕЛФИНИ КАКО ТЕРАПИСКА МЕТОДА

Неколку студии имаат забележано позитивни промени кај децата со посебни потреби на коишто им било овозможено дружење со морски животни, конкретно делфини, водни желки и риби.

Делфините се повеќе се користат во лечењето на разни заболувања кај човекот, бидејќи како што покажуваат истражувањата, звукот на делфините го смирува делувањето на нервниот систем кај човекот. Во Кина  им помагаат на децата заболени од аутизам. Тие исто така помагаат и на децата заболени од церебрална парализа на тој начин што пливаат со нив.

Изјава на родителите и директорот на водениот парк Денга Џуна:

Децата заболени од аутизам секојдневно се среќаваат со делфините во водениот парк во градот Нанџингу. Со помош на тренери, делфините си играат со децата, ги фаќаат за рацете, им го допираат лицето, ги прскаат со вода и испуштаат пискави звуци.









fppt.com




# ЗАКЛУЧОК

1. Да се изготви регулатива која ќе се занимава со оваа проблематика - учество и помош на животните во секојдневието на лицата со хендикеп.
2. Едукација на граѓаните за полезното дејство на животните во правилниот физички и психички развој на сите луѓе, а особено за хендикепираните лица.
3. Отворање на непрофитабилни организации/агенции кои ќе вршат обука и тренинг  на животните, кои подоцна пак ќе живеат со овие лица и ќе се грижат за нив.